*Локална установа библиотека*
*„Благој Јанков Мучето“*
*Ул. Благој Мучето бр. 26 2400 Струмица*
*Тел. 034/349-040, 034/349-042*
*www.bibliotekastrumica.org.mk*
*email: bibliotekastrumica@yahoo.com*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на
## ЛОКАЛНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА
## „БЛАГОЈ ЈАНКОВ МУЧЕТО“ - СТРУМИЦА
## за 2022 година



**Струмица, 2023**

Извештај за работата на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето" Струмица за 2022 година е законска обврска согласно член 35 од Законот за култура. Финансирањето на дејноста на локалните библиотеки кои се обезбедува на начин и постапка утврдени со закон, библиотеката до Советот на Општина Струмица и до Министерството за култура доставува извештај за работа и финансиски план, според член 14 од Закон за библиотеки и член 13 од Статутот на ЛУБ„Благој Јанков Мучето" - Струмица.

## ***Вовед***

Со извршувањето на програмските задачи во библиотеката се настојуваше успешно да го оствари она кон што се стреми – значаен културен и информативен центар на локалната заедница. Во таа насока се работеше на истражување, набавка, собирање, стручна обработка, заштита, чување, информирање и давање на користење на библиотечниот материјал и редовно се појавуваше како издавач на дела на роднокрајни автори. За да се задоволат потребите од одреден вид библиотечен материјал кон корисници, посебно внимание се посветуваше на комплетирањето на библиотечните фондови преку следењето на издавачката продукција, како и популаризацијата и достапноста на книгата до секого, со цел да се побуди интересот кај потенцијалните корисници за ова културно богатство. Тековните активности на библиотеката, според Програмата, се реализирани во библиотеката во Струмица и во библиотеката клон во с. Муртино. Освен услугите што претставува основна дејност на библиотеката, сé повеќе се наметнува потребата од следење на современите текови во библиотечната работа на глобално ниво. За таа цел, се следеа светските текови во библиотекарството, анализа на потребите на самите корисници, како и презентација на услугите на сите можни нивоа.

Во библиотеката се вршеше континуирана набавка, донација од министерство за култура на нови наслови, донација од автори, започнувајќи од фондот на одделот за деца, преку лектирните изданија и слободна литература, фонд во оддел за возрасни корисници, набавка на лектири за средношколците, сé до белетристиката и публицистиката.

Посебно внимание се посветуваше и на стручната литература и овозможување нејзина употреба за поголем број корисници. Проектот "Автоматизација на библиотеките " продолжува и тој се спроведува според предвидената динамика. Со негова помош се овозможува премин на целосна дигитална обработка на книжниот фонд со што истиот е поедноставно достапен до сите корисници, независно дали се членови на библиотеката или им е потребна информација за книжниот фонд што го поседува самата библиотека.

Согласно систематизацијата се работните места и одделите кои постојат во библиотеката:

- Оддел за позајмување книги и услуги за возрасни
- Оддел за позајмување книги и услуги за деца
- Оддел за комплетирање на книжен фонд
- Оддел за библиотечни процеси
- Оддел за роднокрајна збирка и библиографии
- Оддел за стручна обработка на периоднични публикации
- Оддел за стручна обработка на монографски публикации
- Оддел за деца и возрасни во подрачна единица с. Муртино
- Оддел за популаризација на книгата
- Оддел за издавачка дејност
- Оддел за дигитализација и микрофилмување
- Административна служба
- Помошно-техничка служба

**Вработени во Локална установа библиотека "Благој Јанков Мучето" – Струмица**

| Ред.Број | **Име и презиме** | **Квалификација** | **Работно место** |
|---|---|---|---|
| 1. | Денис Мустафов | Информатичар | ДИРЕКТОР<br><br>Виш соработник за информатички работи |
| 2. | Снежана Џорлева | Библиотекар | Оддел за стручна обработка на периодични публикации |
| 3. | Наташа Василевска - Трајчевска | Виш библиотекар | Оддел за деца |
| 4. | Нада Витанова | Самостоен библиотекарски помошник | Оддел за возрасни |
| 5. | Аница Глигорова - Милева | Библиотекар советник | Оддел за стручна обработка на монигравски побликации |
| 6. | Гонца Запрова Анастасова | Библиотекар | Оддел за популаризација |
| 7. | Милкица Масева | Библиотекар | Библиотекар во оддел за издавачка дејност |
| 8. | Ани Катранџиева | Библиотекар | Библиотекар во оддел за библиотечни процеси |
| 9. | Весна Заева | Библиотекар | Оддел за деца |
| 10. | Васка Кирова | Библиотекар | Оддел за возрасни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11. | Тони Николов | Библиотекар | Оддел за возрасни и деца во подрачна единица с.Муртино |
| 12. | Емилија Ружинова | Библиотекар | Библиотекар во оддел за дигитализација и микрофилмување |
| 13. | Милена Јованова | Библиотекар | Библиотекар во оддел за комплетирање на книжен фонд |
| 14. | Саветка Глиготова | Правник | Помлад соработник за административни општи и правни работи |
| 15. | Тања Гошева | Библиотекар советник | Оддел за роднокрајна збирка и библиографии |
| 16. | Драга Бјадова | ССС | Референт благајник |
| 17. | Љуба Поп Алексова | ССС | Домакин |
| 18. | Андон Цветанов | ССС | Хаус-мајстор |

ЛУБ “Благој Јанков-Мучето” работи според COBISS програмата.

Упис, пребарување, промена на податоците или на бројот на членската карта, бришење на податоците за членот, пакетно бришење на податоците за неактивни членови,

- Зајмување книжен материјал надвор од библиотека или во читалница и негово враќање, резервација на слободен и зајмен материјал, резервација на книги за користење во читалница, продолжување на рокот за зајмување книга и промена на датумот на истекување.
- Пребарување на материјалот, увид во неговата состојба (дали е слободен или зајмен, податоци за членот кој ја зајмил книгата, рокот на враќање, список на резервации итн.) и внес на забелешки за материјалот,
- Поставување на параметрите на зајмувањето (временски параметри, календар, начин на зајмување, ценовник, ограничување на зајмувањето и други параметри),
- Одвоено водење евиденција на зајмувањето по одделенија и меѓуодделенско зајмување на книгите (за библиотеките за кои зајмувањето е организирано по одделенија),
- Електронско известување на членовите за претстојно изминување на рокот за зајмување, за претстоен прием на опомена, за пристигнат резервиран материјал, изминување на важењето на резервацијата и изминување на членството,
- Поддршка на трајните резервации на сериските публикации,
- Изработка на опомени,

Систем на финансиско работење со можности за рачно или за програмско евидентирање на побарувања, намирување на побарувањата (готовинско или неготовинско), заклучување на благајна, испис на различни потврди за членовите итн.

## Библиотечни услуги

Уписите во библиотеката во 2022 година и позајмувањата на фондот со којшто располага институцијата се резултат на пакетот услуги што ги нуди библиотеката.

**Пакет на услуги**

- позајмување книги ( од библиотеката и од други библиотеки преку меѓубиблиотечно позајмување );
- позајмување CD и DVD од фондот на библиотеката;
- користење читалница;
- користење детско катче;
- користење Интернет и помош при Интернет пребарување;
- помош при пополнување формулари, испраќање електронска пошта, скенирање документи, печатење и фотокопирање;
- промоции на книги, книжевни настани, саем на книги;
- изложби;
- изнајмување опрема за презентации ( ЛЦД проектор );
- соработка и организирање на различни активности со училиштата, НВО, други јавни институции од општината и други општини.

Библиотечниот материјал се позајмува за период од 15 дена, со можност за продолжување од уште 10 дена кога се работи за лектирно издание. CD, DVD дисковите и детските играчки се издаваат на ден. Читателите можеа да извршат продолжување и резервирање на библиотечниот материјал по телефон или преку електронска пошта.

Факт е дека во библиотеката се зачленети деца од предучилишна возраст, лица со попреченост, зачленети се и социјални категории со бесплатен упис.

Исто така, значителен е и интересот на корисниците за време на корона на другите услуги како што се: годишен упис кога се работи за индивидуален корисник, семеен пакет за две лица, семеен пакет за повеќе од две лица, групен упис за повеќе од десет лица во основните училишта. Можност за користење стручна литература и весници, како и за сите оние коишто побарале помош при изработка на есеи, дипломски и магистерски трудови и за други потреби поврзани со работата на библиотеката, и меѓубиблиотечна позајмица со други библиотеки.

**Оддел за комплетирање на книжен фонд**

Основната работа во одделот за комплетирање на книжен фонд е изготвување на списоци и правење нарачка од издавачките куќи и водење на евиденција на литературата којашто влегува и излегува од библиотеката.

Во текот на годината беа нарачани 109 нови наслови 487 книги од издавачките куќи: Сакам Книга, Матица, Антолог,Бата прес,Просветно дело,Македонска литера,Феникс,Ѓурѓа,Три,Збор,Топер,Книгохоличари и Култура, а како подарок се евидентирани 1155 наслови, дел од нив подарок од НУБ ,,Св.Климент Охридски,, Скопје, Министерство за култура на Р.С.Македонија, Општина Струмица,АБЦ книги на италјански и на грчки јазик, роднокрајни автори,подарок на автори од други гардови, читатели итн.

Евидентирање на книжниот фонд на стари ретки книги од 18, 19, 20 век до 1945 год, вкупно евидентирани 593 книги, литература од роднокрајни автори, евидентирана литература од 175 роднокрајни автори, но и литература на странски јазик, евидентирани 471 книга од француска литература.

**Оддел за стручна обработка на монографски публикации 2022 год**

Во 2022 година во одделот за стручна обработка на монографски публикации се внесени во програмата COBISS3 вкупно 1.102 наслови или 1.753 библиотечна единица.

Поединечно по оддели: во одделот за возрасни внесени во програмата COBISS3 се 8370наслови или 1.283 библиотечни единици, во одделот за деца 214 наслови или 419 библиотечни единици, а во роднокрајниот оддел внесени во програмата COBISS3 се 51 наслов или 51 библиотечна единица.

Заради барањата на читателите во подрачната библиотека во Муртино извршен е пренос на 261 книга или 196 наслови во COBISS од одделот за деца и возрасни во библиотеката во Муртино. Извршен е и пренос на книги од возрасен оддел во оделот за деца.Во период од 6 месеци работев напоредно и на одделот за сериски публикаци каде се внесени во програмата COBISS3 вкупно 34 наслови, број на единици 42 и број на свески 443.Изработени и донирани книги од Англискиот центар – Скопје. Изработени се 58 наслови или 91 библиотечна единица со систематизација и предметизација по УДК и фиктивен инвентарен број. На истиот начин се изработени и донираните книги од АБЦ од кои: 21 наслов и исто толку библиотечни единици на англиски јазик; 24 наслови или 53

библиотечни единици на италијански јазик со одредена систематизација и предметизација по УДК и фиктивен инвентарен број и книги на грчки јазик од кои има 32 наслови или 50 библиотечни единици.

Списоци со библиографски записи кои се заведени како дупликати во заемната база на податоците COBIB.MK испратени од НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Центар ВБМ. Во 2022 година се изврши пренос на библиотечната граѓа заради одржувањето на квалитетот на библиографските бази со разрешување на дупликат-запис и негово бришење од локалната база и преземање на соодветниот запис од COBIB.

Следење на процесите во системот COBISS3, изнаоѓање на грешки и аномалии и вршење исправка на истите, но истовремено и изнаоѓање и на други решенија за успешност во развојот на библиотечно-информацискиот систем и отпис на граѓа во системот COBISS3. Дополнување на шифрарниците во системот Вадење статистика за најбарани книги во одделот за деца и возрасни по месеци, невратени книги и др.

Успешно реализирање на добиен проект од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности за 2022 година од Министерството за култура на РСМ „Спомени од минатото како културна меморија за иднината“.

Соработник на проект „Патникот од долината“ од национален интерес во културата финансирани од Министерството за култура на РСМ за 2022 година.

Учество во креирање на Годишна програма за активности во библиотеката за 2022 година Техничка обработка на книги.

Организирана работилница по повод Светскиот ден на книгата и авторското право „Книгата предизвик“ со учениците од прво одделение од ООУ „Сандо Масев“, Струмица.Учество во подготвувањето на прашањата и во комисијата за Општински натпревар „Млади библиотекари“.Учество на Меѓународната конференција на библиотекари, архивисти и музеолози ЛАМ во Цетиње, Црна Гора на тема „Библиотека и образование“.Изработка на онлајн Анкета за учество на едукацијата за училишни библиотекари.Пишување на прирачник „Основен курс за библиотечно работење“ и подготовка за работилница за училишни библиотекари.Работење на проект финансиран од Министерството за култура на РСМ „Патникот од долината“.

Координатор на проект „Аспекти на булинг претставени преку-врсничко насилство - сајбер-насилство - библиотерапија“ од идеа, подготовка до реализација, во соработка со колешката Гонца Запрова Анастасова. Во проектот беа вклучени Црвен крст и ученици од ООУ „Сандо Масев“.

По повод 21 Декември - Денот на наставата на турски јазик во Македонија, во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица се одржа работилница „Јазикот основен столб на националната култура“.

Координатори: м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник и м-р Гонца Запрова Анастасова, библиотекар

Учество зедоа ученици од ООУ „Маршал Тито“ Струмица со наставничката Аида Беќирова и ученици од ООУ „Маршал Тито“ с. Муртино - ПУ „Маршал Тито“ с. Банско со наставникот Ерхин Мустафов.

На работилницата учествуваше специјална гостинка од Истанбул – Р.Турција – Филиз Мехмедоглу, која по вокација е истражувач на македонскиот јазик и фолклор како и преведувач на поезија.

**<u>Одделот Периодика</u>**

Пообемен по содржина, покрај другите е и фондот на одделот Обработка на периодични публикации, при ЛУБ „Благој Јанков Мучето“. Пообемен, бидејќи овој фонд во денешно време се судрува со недостаток на просторни услови, заради неговиот габарит.

Според историските податоци, Одделот за обработка на периодични публикации при струмичката библиотека е формиран во 1982 год. Се дотогаш, библиотеката работи како матична библиотека, додека пак роднокрајното катче и Одделот за периодика, функционираат заедно. Одделението за роднокрајна дејност е формирано во 1980 год., значи две години порано од Одделението за обработка на периодични публикации.

При неговото востановување, формиран е каталог на роднокрајниот фонд (од обработени статии во дневниот весник „Нова Македонија“ од 1985 ретроспективно до 1972 година), како и каталог на обработени периодични списанија.

Одделот за периодични списанија и сериски публикации, својот фонд, го збогатува со нови примероци, секојдневно. И тука нема застој, зашто динамиката на излегување, на дел од нив, како што се дневните печатени весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Слободен печат“, е секој ден нов примерок. Дел од списанијата за култура, уметност, историја, економија и други

области, пак излегуваат периодично и тоа еднаш месечно, двомесечно, еднаш на шест месеци или на година дена.Изборот на периодичните публикации кои се набавуваат, се врши според барањата на корисниците и потребите на локалната установа , при што се покриваат повеќе области од сверата на информирањето. Тоа значи дека се одбираат наслови од различни области и за различни возрасти.Во Одделот периодика годишно имаме од 100 до 150 наслови периодични, сериски публикации, кои се обработуваат од страна на обучен библиотекар, според библиотечните стандарди ISBN и се внесуваат во меѓународниот електронски каталог COBISS.MK

Тековната работа и снабдувањето на овој оддел со периодични и сериски публикации, за минатата 2022 год. се состои од неколку фази и тоа:

1. набавка на печатени материјали;

Опфаќа набавка на: а) дневен печат, б) на сериски публикации од најразлични општествени и научни области, в) на ревии, г) „Службен весник“ и др.,

4. потпечатување на сериските публикации;

5. доделување на соодветен инвентарен број, според единствената номенклатура на сериски публикации ISBD (S), во оперативниот програм COBISS.MK

6. редење на полиците, одредени за публикации и тоа по формат: I, II, III и IV во просториите на оддел Периодика.

7. Изработка на каталог на записи со струмичани, што опфаќа објавени статии со струмичани во печатени дневни медиуми и сериски публикации.

Минатата година (2022 год). вкупен број на наслови е 30, на периодични публикации кои се обработени, а вкупен број на обработени единици е 84. Вкупен број на изработени свески е над 50, што подразбира внесување на истите и регистрирање во (во поле 997 m), во COBIB базата.

Од дневен печат и во текот на 2022 г., континуирано се набавени сите броеви на три наслови: „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Слободен весник“, а еден наслов има вкупно 63 свески годишно. Од неделната илустрирана политичка ревија „Фокус“, годишно излегуваат 48 свески, кои се набавуваат.

Исто така, од „Службен весник на РС Македонија“, во текот на минатата година (2022г.) сколадирани се вкупно 264 свески.Останатите наслови, се однесуваат на други сериски и периодични публикации, кои сме успеале да ги набавиме во текот на годината. Тоа се: „Книжевни елементи“, „Сум“, „Благовест“, „Премин“, „Театарски гласник“,

„Современи дијалози“, „Синтези“, „Стожер“, „Флутер“, „Културен живот“ и други. Месечено како што излегуваат и пристигнуваат сериските публикации, според динамиката на излегување, така и истите библиотечно се обработуваат.

Покрај тоа, во одделението на периодика се чуваат и складираат наслови за кои не постои електронски запис во Cobiss.mk, како што се списанијата: „Кула“, „Бизнис форум“, „Ревита“, „Доживејте 100“, „Шадрван“ и други.Затоа овој Оддел се судира со проблемот на просторен недостаток.

Во текот на минатата година, од страна на библиотекарот кој го води овој Оддел извршени се и други работи, како што се: учество и член на трочлената комисијата за доделување награди и признанија, по повод распишаниот литературен конкурс за трагично загинатиот поранешен претседател Борис Трајковски, прередување на дел од библиотечниот материјал од просториите на Периодика во подрумските простории и др.Исто така, во текот на месец мај, библиотекарот учествуваше на Републичкиот натпревар „Млади библиотекари“ кој се одржа во Охрид, каде нашата библиотека ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ освои трето место и успешно се претстави, како и на издавање на книги во Оддел за деца, редење и прередување на полиците на сериски публикации, подврзување на одреден број на периодичен материјал и друго.

**Роднокраен оддел**

Во 2022 година во ова одделение се прибираше роднокраен материјал од роднокрајни автори, но тој книжен материјал не се издава, се чува во библиотеката. Творештво се комплетира, стручно се обработува и се дава на користење како библиотечен материјал на корисниците само во читалницата на библиотеката.
Тука се чува и збирката на редок библиотечен материјал 593 стари и ретки книги кои ги поседува ЛУБ„Благој Јанков Мучето„Струмица,книги од крајот на 18,19и 20 век до 1945 година.- монографски публикации, Магистерски и докторски дисертации на роднокрајни автори.

Тука се наоѓаат и примероци од некнижен библиотечен материјал: покани, постери, каталози, плакати и др.

Овие наслови се креирани или преземени, но се целосно дополнети со локални податоци за да може да им бидат достапни на читателите. Станува збор за публикуван материјал што според авторството или содржината, му припаѓа на овој оддел. Насловите се обработени според нормативите на СОРД (стандард за организација на роднокрајна дејност) и се внесени во COBISS фонд системот. Во роднокрајниот оддел посебно внимание се посветува на збирката и се настојува постојано да се надополнува, преку

комуникации со бројни автори. Во соработка со издавачката дејност роднокрајното одделение ги чествува роднокрајните творци и се јавува како издавач на роднокрајни автори.Тања Гошева се појави и како 6.06.2022 год  Организатор и учество на креативна работилница Творилница во Дом на АРМ Струмица

Организатор на манифестацијата Средба под Јаворот 2022 која се одржа во Центар за култура „Антон Панов ", заедно со ИК „ Просветно дело", НУБ„Св.Климент Охридски" Скопје. Подржана од Општина Струмица за Видое ѕо учество na  труд БИБЛИОТЕКАТА – ТЕМЕЛ НА ПИСМЕНОСТА, СПРОВЕДУВАЊЕ ДОБРИ ПРАКТИКИ ВО БИБЛИОТЕКИТЕ. Чќен на комисија за избор на најдобар библиотекар 2022 год.
Во базата  COBISS во 2022 годинасе внесени 51 наслов  монографски публикации на роднокрајни авротори од Струмица и струмичково значи 51 наслов повеќе од 2021 година. На  facebook  беа објавени  под рубрика На денешен ден е роден.над 450 Биографии на значајни луге од Струмица и струмичко, родени 1885 год до денешен ден. Револуционери, претседател на држава, премиер, министри, пратеници, универзитетски професори, доктори на науки, магистри, владици, специјалисти лекари, адвокати, економисти, уметници, режисери, музичари, спортисти, новинари, автори на книги и многу други значајни професии.кои со своите дела , трудови се истакнале секој во својата дејност.

**<u>Издавачка дејност</u>**

**Извештај (анализа) на сработеното во текот на 2022 година**

Општата цел на овој извештај е приложување информации за реализираните активности, континуитет и новини во активностите и ја отсликува работата на одделот за издавачка дејност во сите сегменти на неговата надлежност.

**РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ:**

- Изработка на годишен план за активностите на издавачката дејност во 2023 година.
- Подготовки за промоција на романот „Пренапрегнат“ од Стојан Мадевски, во издание на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“.
- Следење на издавачката продукција, унапредување на стручната работа и истражување и информирање на читателите за библиотечните процеси од обласТа на издаваштвото (локални и светски), согласно со тековните настани од историјата во поглед на објавените литературни дела.
- Промоција на романот „Пренапрегнат“ од Стојан Мадевски на ден 28.2.2022.
- Учество во Комисија за преглед на литературните творби посветени на Струмичкиот карневал 2022 година.
- Објавување на резултати од литературниот конкурс по повод карневалот – *Карневалска магија во време на корона* и доделување награди од конкурсот Наградите се доделија со поддршка на Редакција ДЕТСКА РАДОСТ при ПРОСВЕТНО ДЕЛО.

- Посета на д-р Марио Де Роси, заменик амбасадор во Амбасадата на Република Италија во Република Северна Македонија.
- *Водење на рубриката: Препорака за читање*, со цел афирмирање на издадените дела од странски и македонски автори и поголема инволвираност на читателската публика во културниот процес на библиотеката и иницирање поголема општествена поврзаност.
- Мултимедијален и едукативен настан со ученици од ООУ „Сандо Масев“, Струмица. Се читаа литературни творби, а под менторство на уметникот Ване Костуранов, учениците создаваа ликовни творби со користење еколошки и природни материјали.
- Учество на советување на тема Библиотеката – темел на писменоста.
- Промоција на монографијата „Мојот живот минато мило“, на авторот Ванчо Тркалевски, која е посветена на борецот и партизан, Јован Величковски.
- Работа на пулт – оддел за деца и возрасни.
- Промоција на ЉУБИ, ВЕРУВАЈ И НАДЕВАЈ СЕ од Светлана Мазгалоска Вучетиќ. Книга поезија промовирана на 21 октомври 2022 година.
- Промоција на Омаж на ликот, делото и значењето за починатиот роднокраен писател и новинар Бранко Бјадов, како и промоција на книгата раскази и репортажи од неговата оставнина „Патникот од долината“.
- Учество во Комисија и доделување награди по повод распишаниот конкурс за Св. Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици – на тема „Подвигот на мачениците“, награди за најдобри читатели во одделот за деца и возрасни и награда за победникот на натпреварот „Млади библиотекари“.
- Организација на наградна божиќна игра.

<u>**Оддел за дигитализација и микрофилмување**</u>

- Тековните обврски главно се однесуваат на давање информации и вршење услуга од фондот. Тоа подразбира работа со читатели, во одделот за возрасни од 1 јануари до 18 март.
- Изработка на видео и фото запис за одржаната промоција на романот „Пренапрегнат“ од Стојан Мадевски.
- Изработка на фото запис за доделувањето награди од конкурсот за најдобри остварувања на тема карневал.
- Изработка на фото запис при посетата на д-р Марио Де Роси, заменик амбасадор во Амбасадата на Република Италија во Република Северна Македонија.
- Мултимедијален и едукативен настан со ученици од ООУ „Сандо Масев“, Струмица.
- Изработка на фото запис за нов наслов од роднокрајниот автор Митко Бојаџиски.
- Подготовка за дигитализирање на наслов од роднокраен автор.
- Тековните обврски во одделот за дигитализација и микрофилмување се одвиваат во насока на скенирање на делото Ванѓа и Јас од роднокрајниот автор, Фимка Гогова Михајлова.
- По завршеното скенирање на материјалот, се премина на техничко уредување на дигиталниот производ и негово препрочитување, со цел објавување на нашата веб страница.

- Книгата во дигитализирана форма може да се најде и да се прочита на https: //bibliotekastrumica.org.mk
- Изработка на фото запис по повод мултимедијален и едукативен настан со ученици од ООУ „Сандо Масев“, Струмица.
- Изработка на фото запис за нови наслови.
- Се заврши скенирањето на втората книга од роднокрајниот автор Фимка Гогова Михајлова, со наслов Сведоштвата за Ванѓа. Се пристапи кон техничка обработка на материјалот, коригирање и комлетирање на текстот.
- Учество на советување на тема Библиотеката – темел на писменоста.
- Изработка на фото запис по повод посета на ученици од ООУ „Даме Груев“ с.Куклиш.
- Работа на пулт, на одделот за возрасни читатели.
- Изработка на фото запис по повод посетата на ученици од прво одделение при ООУ „Сандо Масев“, Струмица.
- Тековните обврски во одделот за дигитализација и микрофилмување се одвиваат во насока на скенирање на делото Шепотења во сонот и Роднини и судбини од роднокрајниот автор, Фимка Гогова Михајлова.

## **Годишен извештај за работа возрасни за 2022 година**

| Извештај за 2022 | Јануари | Февруари | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Август | Септември | Октомври | Ноември | Декември |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва година | 17 | 40 | 28 | 28 | 35 | 33 | 25 | 33 | 27 | 30 | 83 | 25 |
| Втора | 35 | 87 | 69 | 15 | 27 | 8 | 12 | 11 | 44 | 40 | 55 | 30 |
| Трета | 26 | 47 | 47 | 28 | 27 | 15 | 9 | 11 | 31 | 32 | 50 | 28 |
| Четврта | 36 | 86 | 85 | 31 | 22 | 19 | 30 | 30 | 25 | 18 | 34 | 15 |
| Студенти | 49 | 72 | 76 | 59 | 54 | 42 | 46 | 58 | 61 | 55 | 47 | 59 |
| Невработени | 49 | 50 | 57 | 49 | 48 | 33 | 38 | 38 | 45 | 45 | 39 | 24 |
| Работници | 68 | 95 | 107 | 63 | 62 | 61 | 49 | 72 | 83 | 68 | 71 | 59 |
| Службеници | 220 | 246 | 246 | 209 | 175 | 166 | 211 | 217 | 209 | 289 | 190 | 159 |
| Домаќинки | 2 | 2 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Пензионери | 97 | 102 | 112 | 93 | 83 | 89 | 92 | 115 | 114 | 89 | 103 | 91 |
| Машки | 77 | 108 | 92 | 66 | 75 | 63 | 82 | 80 | 104 | 65 | 78 | 59 |
| Женски | 529 | 718 | 734 | 514 | 443 | 414 | 443 | 512 | 537 | 431 | 586 | 437 |
| Вкупно читатели | 606 | 826 | 826 | 580 | 518 | 477 | 525 | 592 | 641 | 580 | 682 | 496 |
| Изнајмени книги | 637 | 799 | 800 | 610 | 530 | 532 | 587 | 696 | 687 | 661 | 727 | 541 |
| Уписи | 51 | 90 | 48 | 26 | 22 | 23 | 36 | 40 | 58 | 51 | 60 | 30 |
| Бесплатни уписи | 1 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

## Годишен извештај за работа деца за 2022 година

| Извештај за 2022 | Јануари | Февруари | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Август | Септември | Октомври | Ноември | Декември |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забавиште | 15 | 12 | 8 | 12 | 9 | 7 | 10 | 21 | 21 | 20 | 34 | 29 |
| I одд | 5 | 3 | 8 | 5 | 6 | 6 | 19 | 15 | 6 | 4 | 2 | 2 |
| II одд | 82 | 70 | 55 | 59 | 59 | 47 | 56 | 67 | 31 | 24 | 43 | 32 |
| III одд | 76 | 69 | 47 | 49 | 71 | 60 | 60 | 76 | 38 | 44 | 56 | 47 |
| IV одд | 48 | 56 | 34 | 26 | 34 | 45 | 56 | 56 | 26 | 53 | 55 | 61 |
| V одд | 63 | 62 | 59 | 45 | 48 | 34 | 53 | 51 | 20 | 57 | 52 | 46 |
| VI одд | 68 | 42 | 26 | 18 | 24 | 29 | 41 | 75 | 28 | 45 | 43 | 50 |
| VII одд | 56 | 60 | 39 | 28 | 24 | 22 | 39 | 49 | 27 | 64 | 70 | 47 |
| VIII одд | 47 | 65 | 64 | 55 | 32 | 36 | 41 | 49 | 36 | 41 | 62 | 45 |
| IX одд | 19 | 59 | 25 | 20 | 31 | 18 | 23 | 24 | 23 | 18 | 45 | 40 |
| машки | 197 | 203 | 138 | 117 | 156 | 116 | 163 | 189 | 114 | 164 | 192 | 178 |
| женски | 272 | 295 | 227 | 231 | 156 | 188 | 248 | 289 | 142 | 209 | 276 | 225 |
| Вкупно читатели | 479 | 498 | 365 | 318 | 184 | 304 | 411 | 478 | 256 | 373 | 468 | 403 |
| Изнајмени книги | 377 | 350 | 258 | 231 | 224 | 226 | 343 | 391 | 162 | 268 | 327 | 290 |
| Уписи | 55 | 37 | 21 | 10 | 19 | 47 | 45 | 54 | 16 | 42 | 31 | 42 |
| Бесплатни уписи | / | / | 3 | 2 | / | / | 1 | 4 | 3 | 2 | 5 | 4 |

## Годишен извештај за работа од оддел за деца за 2022 година, во село Муртино

| Извештај за 2022 | I одд | II одд | III одд | IV одд | V одд | VI одд | VII одд | VIII одд | IX одд | машки | женски | Возрасни | Вкупно | Уписи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | | | | | | 2 | 5 | 1 | 3 | 11 | 16 | 17 | 27 | 3 |
| Февруари | | 2 | | | | 16 | 26 | | 6 | 32 | 36 | 18 | 68 | 4 |
| Март | | 1 | | | 10 | 5 | 12 | | 5 | 28 | 48 | 36 | 76 | 1 |
| Април | | | | | | 2 | 12 | | | 9 | 18 | 13 | 27 | |
| Мај | | | 1 | | 5 | 20 | 24 | | 6 | 31 | 41 | 16 | 72 | |
| Јуни | | | | | | 3 | 6 | | 2 | 6 | 12 | 7 | 18 | |
| Јули | | | 1 | | | | 1 | | 1 | 9 | 10 | 17 | 19 | 4 |
| Август | | | | | | | | | | 4 | 4 | 8 | 8 | |
| Септември | | | 2 | | | 1 | 18 | 6 | 2 | 20 | 27 | 18 | 47 | 9 |
| Октомври | | | | | | 2 | 35 | 9 | 2 | 26 | 31 | 9 | 57 | 14 |
| Ноември | | | | | | 8 | 30 | 3 | 3 | 23 | 49 | 28 | 72 | 13 |
| Декември | | | 1 | | | 2 | 23 | 10 | 4 | 19 | 44 | 23 | 63 | 2 |
| Вкупно | | **3** | **5** | | **15** | **61** | **192** | **29** | **34** | **218** | **336** | **210** | **554** | **50** |

Годишен извештај за работа во оддел за деца и возрасни, подружница во село Муртино за 2022 година.

Вкупен број на членови кои ја посетиле подружницата во библиотеката во текот на 2022 година е 554, од кои деца – 344  и возрасни – 210.

Број на посетители по возраст: I одделение – 0; II одделение – 3; III одделение – 5; IV одделение – 0; V одделение – 15; VI одделение – 61; VII одделние – 192; VIII одделние -29; IX одделние – 34 и возрасни – 210 .Вкупно издадени книги: 554.
Вкупно уписи: 50.

**<u>Популаризација – културни манифестации</u>**

Во почетокот на месец јануари се изработи годишен извештај за сработените програмски активности во одделот популаризација на книга за изминатата 2021 година.

По повод Божиќ – Раѓањето Христово, на секој читател од одделот за деца и возрасни се подаруваа книги со ралигиозна содржина, донација од Струмичка епархија. Целиот настан беше медиумски покриен.

Како најглавна активност во месец јануари беше уредувањето на текстот на романот „Пренапрегнат“ од Стојан Мадевски, како и постојаните контакти и сугестии со печатницата Европа 92, околу преломот на книгата, корицата па сè до конечната реализација за печатење на книгата.

Понатаму, во соработка со одделот Издаваштво, се подготви примерок (содржински и визуелно) за покана на гостите на промоцијата на романот, како и за самата промоција (место и време).

Се подготви и испрати барање до градоначалникот на општина Струмица, во кое се бара да се отстапи просторот „Струмичка галерија“ за извршување на промоција на романот.

Концепт и планирање за промовирање на романот „Пренапрегнат“ кој ќе се одржи на 28.2.2022 година.

Подготовка за програмската активност (средба со роднокрајни автори за деца и млади; под мотото „Развој на имагинацијата и креативноста кај младите“), предвидена за месец ноември.

**Февруари**

Во почетокот на месец февруари на fb се промовираа 85 книги донација од The English Centre (Англиски центар). Наслови кои посебно беа промовирани: Thirty – Three Teeth Colin Cotterill, Michael Crichton – Eaters of the dead, Anne Rice – Memnoch the devil.

На 9 февруари се чествуваше смртта на Фјодор Михајлович Достоевски со изложба на неговите дела.

Наслови промовирани на fb: Џина Ардито – Сплеткарот Купидон, Збирката раскази Лозје – Блаже Конески, На Балканот и дождот мириса поинаку – Гордана Куиќ, Харемот на Гадафи – Аник Кожан,

На 16 февруари ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица ја посетија ученици од осмо одделение при ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица со наставникот Жанко Ташуров.

На 17 и 18 февруари на fb се промовираа нови сликовници.

Откако завршивме со подготовките на романот „Пренапрегнат“ од авторот Стојан Мадевски, на кој тим од библиотеката работеше од самото приредување на текстот па сè до конечна реализација за печатење и промовирање на книгата, на **28 февруари** во просториите на Уметничката Струмичка Галерија се одржа промоција на романот.

**Промотори:**

Тања Гошева, библиотекар-советник
Гонца Запрова Анастасова, библиотекар
м-р Милкица Масева, библиотекар

**Март**

На **2 март** ги објавивме резултатите од претходно распишаниот литературен Конкурс по повод Карневалот во Струмица.

**Комисија на литературниот конкурс:**

Тања Гошева, библиотекар-советник

Гонца Запрова Анастасова, библиотекар

м-р Милкица Масева, библиотекар

На **3 март** се одржа доделувањето награди од конкурсот за најдобри остварувања на тема Карневал. Наградите се доделија со поддршка на Редакција ДЕТСКА РАДОСТ при ПРОСВЕТНО ДЕЛО, кои се генерални покровители на настанот.

По повод меѓународниот ден на жената 8 Март, ЛУБ „Благој Јанков Мучето" за сите припаднички од понежниот пол промовираше членство за само 100 денари.

**На 16 март** во просториите на ЛУБ „Благој Јанков Мучето" Струмица, во соработка со Црвен крст и ученици од ООУ „Сандо Масев" со класниот раководител Снежана Калева се оддржа работилница на тема:

**„Аспекти на булинг претставени преку**

**-врсничко насилство,**

**- сајбер-насилство**

**- библиотерапија"**

Координатори на проектот:

м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник

Гонца Запрова Анастасова, библиотекар и

Величе Ристова, психолог во Црвен крст - Струмица

**На 21 март** по повод 80 роденден на роднокрајниот автор Киро Донев, библиотеката со изложба на неговите делата му го чествуваше роденденот.

**На 24 март** промовиран нов наслов во библиотеката, драмата Кец на десетка од роднокрајниот автор Митко Бојаџиски.

**Нови наслови** промовирани на fb – Линвуд Баркли – Да те најдам прв, Зорана Шулц – Вртелешка, Карлос Руиз Зафон – Град од пареа, Стела Дафи – Пурпурната наметка, Микаел Јорт и Ханс Розенфелт – Последниот испит, Сара Дунант – Крв и убавина, Лусинда Рајли – Загубената сестра, Макс Сек – Верниот читател, Филипа Грегори – Белата кралица, Санта Монтефјоре – Жената од Париз, Мет Хејг – Полноќната библиотека, Софија Сеговија – Шепотот на пчелите, Нил Доналд Волш – Разговори со Бога, Ошо – Како да се сака, Лусинда Рајли – Италијанската девојка.

**Април**

**Нови наслови промовирани на fb -** Разговори со Бога - Нил Доналд Волш, Ошо – Како да се сака, Лусинда Рајли – Италијанската девојка, Град од пареа – Карлос Руиз Зафон.

Промовирани наслови од едицијата Ѕвезди на светската книжевност - Да се убие птицата подбивница – Харпер Ли.

**21 април**

Општински натпревар „Млади библиотекари“ кој се одржа во Локална установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица.

**21 април**

По повод Светскиот ден на книгата и авторското право, посета на Локална установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица. Се организира работилница „Книгата предизвик“ со ученици од прво одделение и нивната учителка Билјана Гошева од ООУ „Сандо Масев“, Струмица. Откако претходно тим библиотекари подготви книга направена од лист, децата на истата илустрираа јунак од своја омилена книга.

Како најглавна активност во месец април беше приредувањето и уредувањето на текстот на расказите и репортажите **„Патникот од долината“** од Бранко Бјадов – проект одобрен од Министерството за култура.

**Мај**

По одржувањето на Општинскиот натпревар „Млади библиотекари“ кој се оддржа во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица на 21 април, следеа подготовки за републичкиот натпревар „Млади библиотекари“ со ученичката - победник на натпреварот - Тијана Стојменова од ООУ „Мануш Турновски“ Ново Село. Републичкиот натпревар се одржа на 20 мај во Охрид, каде нашата претставничка освои трето место.

Како најглавна активност освен во месец април и во месец мај беше **приредувањето и уредувањето** на текстот на расказите и репортажите „Патникот од долината“ од Бранко Бјадов – проект одобрен од Министерството за култура.

Во мај посебен акцент се даде на снимање **краток документарен филм** за ликот и делото на Бранко Бјадов во соработка со локалната телевизија Вис, во кој зедоа активно учество негови најблиски соработници со кои Бјадов соработувал низ годините.

Подготовка на наративниот дел за докуменатрниот филм за Бранко Бјадов, како и снимање на истиот.

На 26 мај се распиша литературен конкурс по повод родениот ден на нашиот трагично починат претседател Борис Трајковски, на тема „Да градиме мир“.

Промовирани нови наслови на фб - Со љубов од Лондон – Сара Цио, Лусинда Рајли – Убиствата во Флит Хаус, Лаш Кеплер – Лазар, Клетва – Јелена Бачиќ Алимпиќ.

На 26 мај ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ ја посетија ученици од прво одделение при ООУ „Сандо Масев“ Струмица, со наставничката Наталија Дикова и Мирјана Перунковска, библиотекар.

**Јуни**

1 Јуни, како во многу земји така и кај нас се прославува како Меѓународен ден за заштита на децата; тој е еден од најстарите интернационални празници за кој е донесена одлука да се празнува уште од 1925 година, за време на „Светската конвенција за зголемување на благосостојбата на децата" во Женева. По тој повод во посета на библиотеката беа ученици од трето одделение од ООУ „Видое Подгорец" Струмица со учителката Соња Појразова. После поздравниот збор на директорката г-ѓ. Тања Гошева, библиотекарот на одделот за популаризација на книги говореше за благосостојбата на децата и за тоа дека секое дете е подеднакво важно во општеството, како и за тоа да им се овозможи на сите деца подеднаков пристап до образование.

На 7 јуни – Литературна манифестација „Средба под јаворите – Видое Подгорец" 2022 година. Советување на тема „Библиотеката темел на писменоста".

Од 13-16 јуни обука за консултанти по библиотерапија, одржана во РБ „Захариј Књажевски" во Стара Загора, Р Бугарија. Обуката беше организирана од Фондацијата „Глобални библиотеки" – Бугарија, Институтот за современа психологија и РБ „Захариј Књажевски" Стара Загора, а учесниците на обуката се здобија со сертификат за „консултанти по библиотерапија".

**Јули**

Месец јуни, месец на годишни одмори ЛУБ „Благој Јанков Мучето" Струмица организира читања за сите деца од основните училишта.

Терапија преку литература, односно библиотерапија. Десиминација со вработените во библиотеката, односно споделување искуства стекнати на обуката за библиотерапија.

**Август**

Во месец август се работеше на превод на книгата „Прирачник за консултанти по библиотерапија" (за библиотекари) од бугарски на македонски јазик, со кој оваа година се аплицираше на Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на литературата и издавачката дејност во електронска форма за 2023 година.

**Септември**

Покрај секојдневните тековни работи во библиотеката, со почетокот на учебната година се зголеми и посетата на библиотеката од страна на ученици од општинските училишта.

На 16 септемви - посета на ученици од ПУ „Маршал Тито" с. Рич. Децата беа запознаени со работата на библиотеката, а тие изразија желба да станат членови на истата.

На 30 септември – во посета на библиотеката беа дечиња од клон 1 Детска Радост. На дечињата им беше читано од сликовниците за деца.

**Октомври**

На 14 октомври библиотеката ја посетија ученици од осмо одделение при ООУ „Кирил и Методиј“ Турново. Со нив разговаравме за работата на библиотеката, за процесите во библиотеката околу набавувањето на книги, нивна техничка обработка, а воедно и за начинот на зачленување во библиотеката.

Најглавна активност во месец октомври беше подготвувањето на книгата за печатење „Патникот од долината“ од роднокрајниот писател и новинар Бранко Бјадов. Книгата воедно е проект одобрен и финансиран од Министерство за култура на РС Македонија за 2022 година.

Освен постојаните контакти и сугестии со печатницата Европа 92 Кочани, околу преломот на книгата, корицата па сè до конечната реализација за печатење на книгата, се подготви примерок (содржински и визуелно) за покана на гостите на промоција на книгата, како и за самата промоција околу местото и времето на настанот.

Се подготви и испрати барање до НУКЦ „Антон Панов“ Струмица во кое се бараше да се отстапи просторот „мала сала“ за реализирање на проектот кој претставуваше своевиден омаж на ликот, делото и значењето за починатиот роднокраен писател и новинар Бранко Бјадов.

На социјалните мрежи се креираше настан – покана до сите љубители на литературата и пишаниот збор.

На 20 и 21 октомври, на покана од Регионалната библиотека „Димитар Талев“ Благоевград Р Бугарија се одржа Втора регионална роднокрајна конференција на тема „Уметничките занаети од Македонскиот крај“ на која учествувавме со труд со кој ја претставивме нашата библиотека и се здобивме со Сертификат за учество во конференцијата.

**Ноември**

На 1ноември во просториите на НУКЦ „Антон Панов“ Струмица ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ имаше промоција - **Омаж за ликот, делото и значењето на починатиот роднокраен писател и новинар Бранко Бјадов**, како и промоција на книгата раскази и репортажи од неговата оставнина „Патникот од долината“.

Промотори: Гонца Запрова Анастасова, библиотекар
Ацо Гогов
Модератор: Ѓорги Калајџиев
Раскази од книгата читаа:
Гонца Шивачева и м-р. Милкица Масева, библиотекар

По повод месецот на книгата на 10. 11. во посета на библиотеката беа ученици од второ одделение со наставничките Јулијана Љончева, Марија Јанакова Кочева и Весна Трајкова од ООУ „Видое Подгорец“ Струмица.

На 14 ноември се распиша Конкурс за доделување на награди за литературен состав посветен на „Св.Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици“, заштитници на градот Струмица.

На 16.11. Средба на роднокрајниот автор за деца Киро Донев со ученици од II$^{б}$ при ООУ „Сандо Масев“ Струмица со наставничката Билјана Гошева.

На 24 ноември во посета на библиотеката беа ученици од I одд. од ООУ „Даме Груев“ с. Куклиш со наставничките Зуле Михаилова и Зорица Димовска Митева.

На 25 ноември во посета на библиотеката беа дечиња од Градинката Детска радост Струмица, клон 2 (група Ѕвездички 5-6 год.) - Гордана Ѓоргиева и Милка Узунова.

На 29 ноември во посета на библиотеката беа ученици од II одд. од ООУ „Сандо Масев“ со наставничката Весна Митева.

**Декември**

На 1 декември во посета на библиотеката беа ученици од IV одд. при ОУ „Св. Кирил и Методиј“ с. Дабиле со наставничката Наталија Георгиева.

На 1 декември во посета на библиотеката беа ученици од II одд. од ООУ „Сандо Масев“ со наставниците Сречко Чоп и Сања Јушковиќ Атанасова.

На 2 декември во посета на библиотеката беа ученици од III одд. при ОУ „Св. Кирил и Методиј“ с. Дабиле со наставничката Соња Маглешева.

На 2 декември во посета на библиотеката беа ученици од IV$^{в}$ одд. при ООУ „Сандо Масев“ Струмица со наставничката Верица Гунчева.

На 6 декември библиотеката ја посетија ученици од VI одд. при ООУ „Маршал Тито“ с. Муртино со наставничката Сашка Василевска.

9 декември - Доделување награди по повод распишаниот конкурс за Св. Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици – на тема **„Подвигот на мачениците“,** награди за најдобри читатели во одделот за деца и возрасни и награда за победникот на натпреварот „Млади библиотекари“.

16 декември - библиотеката ја посетија учениците од VI одд. при ООУ „Сандо Масев“ Струмица со проф. Далибор Плечиќ

По повод 21 Декември - Денот на наставата на турски јазик во Македонија, во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица се одржа работилница „Јазикот основен столб на националната култура“.

Координатори: м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник и м-р Гонца Запрова Анастасова, библиотекар

Учество зедоа ученици од ООУ „Маршал Тито“ Струмица со наставничката Аида Беќирова и ученици од ООУ „Маршал Тито“ с. Муртино - ПУ „Маршал Тито“ с. Банско со наставникот Ерхин Мустафов.

На работилницата учествуваше специјална гостинка од Истанбул – Р.Турција – Филиз Мехмедоглу, која по вокација е истражувач на македонскиот јазик и фолклор како и преведувач на поезија.

22 декември - библиотеката ја посетија ученици од VI одд. при ООУ „Сандо Масев“ Струмица со проф. Далибор Плечиќ.

в.д. директор

Денис Мустафов

Локална установа библиотека Благој Јанков Мучето Струмица